СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Деветтото продолжение на Седумдесет и четврта седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 јули 1994 година

Скопје, јули 1994 година

**74-та СЕДНИЦА, ДЕВЕТТО ПРОДОЛЖЕНИЕ, 20.VII.1994г.**

ГЛАСАЊЕ ПО ТЕКСТОТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИЦИ И ОДБОРНИЦИ

| | |
|---|---|
| 1. АНДОВ СТОЈАН | 1 |
| 2. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО | 7 |
| 3. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР | 14 |
| 4. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ | 9 |
| 5. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ | 16 |
| 6. МАНЕВ ЕФТИМ | 12 |
| 7. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН | 14 |
| 8. ПЕТРОВ ТОДОР | 4, 5, 10 |
| 9. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ | 15, 16 |
| 10. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ | 18 |
| 11. СТОЈКОВ СТОИЛЕ | 20 |
| 12. СТАНКОВСКИ РИСТО | 25 |
| 13. СПИРОВСКИ ИГОР | 25 (ПРОЗИВА) |
| 14. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН | 22, 23 |
| 15. ХАЛИЛИ МУХАМЕД | 1 |

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од деветтото продолжение на Седумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 20 јули 1994 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратеникот Симеон Наумовски ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На минатото продолжение на седницата го заклучивме претресот по текстот на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници и одборници.

Пред да преминеме на гласање, дозволете ми да ве потсетам дека согласно членот 62 став 5 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

(збор бара пратеникот Мухамед Халили)

Почекајте кога го ставам законот на гласање тогаш имате право да кажете кој како ќе гласа. А, вие барате пред тоа. Повелете.

Има збор господинот Халили процедурална интервенција.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Господине претседател, почитувани пратеници, пратеничката група на ПДП секогаш го прифатила и афирмирала принципот на слободни и

фер избори со единствена цел право да владее на Владата може да произлезе единствено од волјата на народот изразена и преку вистински, слободни и фер избори врз основа на универзално рамноправни и тајно право на глас.

Основните принципи на Декларацијата на Интерпарламанентарниот совет за критериумите и фер избори гласат дека секој возрасен граѓанин има право на глас на избори врз недискриминаторски основи и дека гласачот има право да го исполни рамноправно со другите неговото или нејзиното право на глас и неговиот или нејзиниот глас да имаат еднаква тежина со другите гласови.

Тргнувајќи од горе изнесените принципи пратеничката група на ПДП побара од Владата да предложи нов закон за изборните единици со кој би се отстраниле неправеднoњстите околу нерамноправното учество на нови парламентарни избори. За жал, коалиционите партнери не изразија ни најмала подготвеност Владата да излезе пред пратениците со таков предлог со образложение дека нешто слично не може да се предложи поради непостоење на закон за нова територијална поделба на Републиката и поради непостоење на законот за локална самоуправа.

Таквото образложение ја изрази неподготвеноста на коалиционите партнери да организираат слободни и фер избори во духот на Декларацијата на Интерпарламентарниот совет. Таквиот став е неприфатлив и од причина што при донесувањето на првичниот закон за изборни единици не е направена никаква територијална поделба на Републиката и не постоел никаков закон за локална самоуправа.

Пратеничката група на ПДП нема да прифати организирање на слободни избори врз дискриминаторска основа и нерамноправност на гласачите од самиот факт што не може да дејствува спротивно на нејзините прокламирани принципи за рамноправност на граѓаните, како

нивни политички репрезент во највисоката законодавна власт. Неприфатливо е тежината на еден глас да не биде еднаква со тежината на другиот глас само затоа што тие два гласа не се од една општина или се од различни општини.

Пратеничката група на ПДП не го негира фактот дека понудениот закон за избор и отповикуваше на пратеници и одборници содржи нешто пефикасни и попрогресивни решенија околу изборната постапка и дека со тој закон се нудат и помодерни решенија, но е свесна дека за изведување на слободни и фер избори неопходно е да се донесе целиот пакет на изборни закони без никаква намерна селекција на законите.

Тргнувајќи од горе изнесеното пратеничката група на ПДП на својата редовна седница околу оваа проблематика реши да не учествува во процедурата околу гласањето на законот за избор и отповикување на пратениците со тоа што ќе се врати повторно во собраниската сала за следната точка од дневниот ред. Благодарам.

(пратеничката група на ПДП и НДП ја напушта салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да утврдиме точен број на присутни пратеници.

Во салата се присутни 59 пратеника.

Ве молам, во овој момент не можеме да работиме.

Предлагам да останеме во рамките на изборниот пакет, да ги повикаме да влезат и да работиме по законот за партиите.

Ве молам, ви предлагам така, а во оној момент кога ќе завршиме со Законот за партиите се надевам дека ќе има доволно од другите пратенички групи да минеме на гласање.

Законот за партиите е исклучително значаен за секоја партија заради финансирањето и нејзините подготовки за изборите и треба што

поскоро да биде донесен, мислам дека останувам на теренот на изборниот пакет и на тој начин можеме да се вратиме на гласање за законот.

Не работиме сега, кога ќе имаме 61 пратеник ќе работиме, повикајте ги да одиме на Законот за партиите.

(во салата има доволен број пратеници и можеме да продолжиме)

Продолжуваме со работа.

Господинот Тодор Петров бараше процедурални интервенции.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас го молам претседателот да ги прекине овие претседателски игри заради тоа што во најавата за работа на оваа сесија на Собранието на Република Македонија сосема јасно и децидно е нагласено и во поканата за свикување дека веднаш по гласањето за Предлогот на закон за изменување и дополнување на законот за избор и отповикување на пратеници и одборници која е втора точка од дневниот ред што ја објавивме за 74-тата седница веднаш ќе продолжи Собранието со работа по 76-тата седница.

Процедурално прашање, продолжувањето на 74-тата седница по точката за законот за политички партии ќе го кажам следното:

Каква е целисходноста од донесувањето на Законот за политичките партии

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа ќе го кажете по законот.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Тоа како процедурално, се разбира. Јас сакам сега да го кажам бидејќи е процедурално.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие рековте кое ви е оправдувањето. Вие рековте оти по гласањето треба да одиме на ова.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Не, јас предлагам да не продолжи Собранието по расправа за законот за политичките партии и сакам да го образложам предлогот а вие појаснување по моето искажано мислење, ќе дадете откако јас ќе го завршам излагањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, да не губиме време, продолжете.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Предлагам ова Собрание на денешната сесија да не расправа по законот за политичките партии заради тоа што најавата за свикување на оваа седница се однесува за гласањето по законот за избор на пратеници и веднаш продолжување со 7 6-тата седница. Зошто сметам дека нема никаква целисходност од расправа или донесување на законот за политички партии да се симне од дневен ред во ова свикување на Собранието, заради тоа што во Предлогот на законот се утврдени одредени рокови, утврдени и со Уставниот закон за спроведување на Уставот и со Уставот на Република Македонија. Во Уставниот закон за спроведување на Уставот на РМ во членот 10 став 4 се вели "законот за избор на пратеници во Собранието на РМ, законот за избор на претседател на Република Македонија и законот за политичките партии ќе се донесат најдоцна три месеци пред одржувањето на новите избори".

Во членот 63 став 3 од Уставот на РМ се вели: "избори за пратеници во Собранието се одржуваат последните 90 дена од мандатот на стариот пратенички состав. Ако мандатот на овој пратенички состав истекува на 8 јануари 1995 година, последниот рок за одржување на избори е 8 октомври, а според членот 10, став 4 од Уставниот закон

последниот рок за донесување на законот за политички партии е 8 јули оваа година, не постои никаква основа за донесување на законот за политички партии, бидејќи во него е предвиден рок за пререгистрација на сите партии во време за 3 месеци. Тие објективни услови од Законот за пререгистрација на политичките партии не се исполнети, и затоа сметам дека Собранието нема никаква основа по мое лично мислење, да го донесе тој закон, ниту да продолжи според најавеното сценариото со расправа по оваа точка од дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве да појаснам. Во телеграмата со која ве известив како ќе продолжиме стои дека прво ќе гласаме за законот за избор на пратеници, а после гласањето, по тој закон ќе одиме на 76-тата седница Бидејќи ние не гласавме за законот за избор на пратеници, јас предложив (аплауз од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ), видете, држете се за тоа што ви е пишано, ако читате тоа што ви се праќа и ако нешто значи за вас. По гласањето за законот може да се оди на 7 6-тата седница. Така сте известени. Бидејќи не се гласаше за законот за избор на пратеници, предложив да останеме во рамките на изборниот пакет и да расправаме и да го донесеме законот за партиите. Ве молам за тишина. Приговорот што го упатувате вие односно од господинот Петров дека законот за партиите е сега е неспроводлив и предлага да се симне од дневен ред, кога ќе дојде законот на дневен ред, тогаш нека си го каже. Тогаш ќе има кој да му одговори. Затоа му реков оставете го, дадовте образложение, немојте да продолжувате. Таа работа кажете ја кога ќе дојдеме на законот. Тоа е моето деловничко објаснување.

Бидејќи пратениците од пратеничката група на ПДП-НДП дојдоа сега ние можеме да расправаме за Законот за партиите. Тоа беше за што ги повикавме.

I/7

Преминуваме на 3-тата точка од дневниот ред

Господинот Георгиевски бара процедурална интервенција.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Како координатор на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ со оглед на фактот дека манипулациите што ги прави претседателот на Собранието во овој момент само претставуваат навистина водење на комплетно блокирање на демократијата и она што го нарекуваат процедура во македонскиот парламент и со оглед на фактот што дека владината коалиција очигледно ја блокира работата на Македонскиот парламент со постојани игри кои ни се покажуваат нам пред пратениците, исто така и пред парламентарната група и најновата манипулација што претседателот на Парламентот ни ја нуди со некакви дополнителни точки кои ниту се предвидени, ниту пратениците се подготвени да расправаат за таа точка, барам пауза од 30 минути за координација на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ. Очигледно темпото што го наметнува претседателот на Собранието никој не може ни да го следи во Македонија, а ќе ни биде потребна нова координација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ќе дадеме веднаш пауза, само нема никаква манипулација, точката не ја утврдуваме сега, таа е утврдена на дневен ред од ова Собрание, пратеничките групи сигурно се подготвени, нема никакви нови елементи, нема нов текст, давам пауза од 30 минути.

(седницата прекина со работа во 11,50 часот).

II/1/JM/лј

(по паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам службите да го утврдат точниот број на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 6 4 пратеници, но пак ќе имаме некои услови за кои едноставно мораме да водиме сметка. Тие услови се факт Присутни се 6 4 пратеници и доволно е за да можеме да го спроведеме гласањето по законот, но имаме едно укажување од пратеничката група на ПДП од кои се овде И Значи 53 пратеници сме без нив затоа што тие не сакаат да учествуваат во процедурата за гласање.

Молам, дали останувате на тоа? Не.

Може ме ли да минеме на гласање по законот?

Минуваме на гласање.

Значи важи нивното укажување. Без нив немаме кворум, бидејќи присутни се 55 пратеници.

Предлагам пауза до 15,00 часот.

Ве молам сите да се соберете за да можеме да минеме на гласање. Ако не минеме на гласање, тогаш,не можеме,ќе ги повикаме пратениците од ПДП да учествуваат во работата по законот без минување на гласање. Значи, ако не се изврши гласањето, тогаш ќе расправаме по законот за партиите.

Молам службите да го поделат текстот со амандманите.

Предлагам пауза до 15,00 часот.

(по паузата седницата продолжи во 15,20 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

На минатото продолжение на седницата го заклучивме претресот по текстот на предлогот на законот за изменување и дополнување на законот за избор на пратеници и одборници.

Пред да преминеме на гласање дозволете ми да ве потсетам уште еднаш дека согласно член 62 став 5 од Уставот на РМ овој закон се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, овој закон по мене е антиуставен, има анти уставна одредба. Во член 4 на овој закон имаме 120 пратеници од мнозински модел и 20 од пропорционален. Одредбата не е во согласност со член 6 2 од Уставот каде што стои цитирам "пратениците се избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање" но не за списоци.

Второ, економски причини се оптоварува буџетот уште за 20 пратеници наместо да се намали &о оваа наша сиромашна земја.

Трето, тоа е комплициран модел бидејќи математички количници се вадат и уште повеќе се оптоварува, имаме поголеми материјални расходи, а покрај тоа се создаваат и малверзации. На пример Италија таа се откажа од овој пропорционален модел . Со пропорционалниот модел се врши додворување божем на сите малцинства, а тоа само на албанскиот коалиционен партнер застапен, да биде што повеќе застапен во парламентот.

Четврто, се добива нестабилна Влада, а со тоа и држава. Но, сепак има некои позитивни работи, овие беа сите негативни работи, но сепак има и некои позитивни работи. Па затоа до последен момент не знам што ќе направам,. а тогаш ќе одлучам при гласањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој знае што ќе направи, па да каже овде, да објасни, бидејќи тоа е деловничката одредба.

II/3.-

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас за овој закон ќе гласам против и ќе образложам зошто. Ова е мислење на пратеникот Петров, а не мислење на здружена опозиција која ја промовираше коалицијата од оваа говорница, која дефакто и дејуре не постои. Кога минатата година парламентарната опозиција ги бараше изборните закони како ехо до денес ни одзвонуваа зборовите на г-динот премиер: ако сакате избори, закони има и за избор на пратеници и за избор на претседател и за политички партии. Впрочем, парламентарната опозиција понуди цел пакет на закони: закон за избор на пратеници, закон за избор на одборници, закон за политички партии, закон за здруженија на граѓани, закон за избор на претседател, закон за избирачки списоци, закон за избирачка книшка. Тоа што претседателот на Собранието не почувствува ниту грам одговорност и не ги стави на дневен ред е друго прашање кое како обетка ќе го носи понатаму додека се наоѓа во овие парламентарни клупи. Ова го велам чисто од недајбоже топката да се префрли во рацете на парламентарната опозиција и мудрото раководство односно нашиот голем водач и нашиот драг водач да ја обвинуваат парламентарната опозиција како деструктор без алтернатива . Исто како што напомена и премиерот во времето од 23 и 30 часот до 24, 00 часот , поточно до 00,5 минути по полноќ во неговиот беден говор во предполноќната сеанса на пратениците од ПДП НДП, СП, либерална партија , СДСМ и ПЦЕР на 14 јули оваа година во стилот на приказни подготувани изгледа од професорот Фрчковски недај боже. Јас ја следев седницата до кога се повлече иницијативата за доверба и после тоа таа меѓупартиска сеанса нормално со ТВ екранот. За да нема

II/4.-

премиерот и групите пратеници од мојата десна страна страшни основи, или ноќни кошмари, дали опозицијата или нема алтернатива, ја користам можноста да го кажам следното. Алтернативата на опозицијата, или на делот од опозицијата и на пратеникот Тодор Петров како дел на пратеник во опозиција на актуелната Влада беше 120 пратеници, мнозински изборен принцип, целосна професионализација на пратеничката функција, заеднички преглед на изборниот материјал на избирачките места меѓу избирачките одбори и претставниците на политичките партии кои ги следат изборите. Ако на Владата ПДП НДП и е барометар за преговарање и договарање не може да се мисли дека опозиција со 40 пратеници треба да игра улога на статист за да некој пред меѓународната заедница прокламира дека нема едноумие во владеењето со оваа држава. Затоа Ви предлагам, или предлагам на предлагачот на законот претставник г-динот Туше Гошев министер за правосудство еден конкретен договор. Тоа е лично мислење на пратеникот Тодор Петров. Парламентаризмот може би за вас не е битно, среќни треба да сте што го гледате Тодор Петров овде затоа што ако гласате со јавно гласање на вашата иницијатива за предвремени избори пред две години ќе имавте шанса Тодор Петров да го гледате пред ТВ екраните, а не во оваа парламентарна сала. Затоа предлагам еден конкретен договор, бидејќи за мене парламентаризмот е значи само просто гласање со статистичка улога туку е конкретен договор. Пропорционалниот принцип го предлагавте за вашите коалициони партнери кои за време на ова гласање во оваа сала ги нема , не дека не ги почитуваат тие постојат, субјект се, одлучија да не учествуваат во гласањето, тоа е нивно право. Предлагам Владата да го повлече законот, да повлече повторно во пречистена форма со сите прифатени амандмани во процедурата нов текст на закон и со овие конкретни алтернативи на опозицијата претседателот на собранието да свика седница по итна постапка І без претрес да го изгласаме законот заедно

II/5.-

со опозиционите алтернативи, Дури тогаш ќе ја сфатам чесноста во намерите на оваа Влада со јавно прокламираниот став, преговори и само преговори со секого и во секое време за сите прашања независно дали треба, или не треба разговори и преговори. Со сите разговори и преговори само не со опозицијата. Еве конкретен предлог за да постигнете договор со сите оние подобрувања во текстот на предлогот ова Собрание да го усвои законот за избор на пратеници. Во спротивно ако ова собрание не го изгласа законот не останува ништо друго туку на уставниот суд по иницијатива на било кој граѓанин да го пречисти постоечкиот текст на закон за да евентуално на наредните парламентарни избори ако одиме со стариот изборен закон да отпаднат сите одредби за избори во локалната самоуправа, па истите да ги дочекаме во некои идно време со нов закон за локална самоуправа.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници ќе гласам против овој закон од следните причини. Овој закон е во процедура скоро една година, тој влезе како закон под итна постапка. По него се искажаа многу мислења и од позиција и од опозиција. Ние не најдовме слух каков закон и треба на Македонија,каков изборен закон. Ние останавме пак на измени и дополнувања на законот, иако во Уставот стои дека ќе се донесе нов закон. Декларативно е кажано во уставот дека треба да има закон за избор на пратеници што на повеќе пати укажував дека е спротивен со уставот овој закон кога ја решава и материјата од обласа на локалната самоуправа, избор на одборници. Ние не најдовме за сходно, не најдовме време овој парламент да го донесе законот за локална самоуправа, го повлековме од процедура, а со еден изборен закон решававме изборна постапка за избор на локалната самоуправа. Тоа е една од причините. Овој закон единствено позитивно што решава од постоечкиот закон е тоа што го регулира статусот на пратеникот да не биде отповикан која е уставна регулатива.

II/6.-

Другиот дел кој што мене ми смета на повеќе пати се изјаснував на седницата на Собранието дека на Република Македонија не и треба бројка од 140 пратеници, тоа е висока бројка за една мала држава. Ние сме очевидци во овие четири години, поготово последната година, дека овој наш Парламент, ова наше Собрание не може да собере мнозинство од 61 пратеник како што и денеска скоро до 15 часот чекавме едно такво мнозинство. Што би било наредниот парламент кој што ќе го задолжиме да има едно поголемо мнозинство за да работи. Уште поголем дефект ќе биде што законите кои што ова Собрание не успеа да ги донесе за кои што се бара двотретинско мнозинство да бидеме длабоко уверени без разлика кој од нас рефлектира да биде пратеник или не, доколку има интерес за оваа држава двотретинско мнозинство со 93,94 пратеници не го обезбедиле никогаш да ги донесеме законите, оние што ни останаа и што требаше да ги донесеме согласно уставот.

Исто така во овој предлог на закон за кој што денеска треба да гласаме, за мене е погрешна и правната регулатива во која што се прифати дека пратеникот може да бира дали да биде професионалец, или да не ја обавува функцијата пратеничка професионално. Мене ми се чини дека сепак е огромен дефект пратеникот, односно законодавната власт да може да бира. Јас и тогаш се изјаснив дека не може пратеник да биде иако води некоја голема, или било каква фирма да биде директор. Тогаш кажав од кои причини, би повторил уште еднаш. Ако јас сум раководно лице, директор на некоја фирма и доколку успеам да бидам пратеник и поготово да влезам во позицијата која што ќе ја формира власта тогаш која ќе биде таа власт извршна што ќе дојде да го контролира тој директор како работи, инспекциските органи. Тој дел си

II/7.-

има свои последици. Сметам дека воведувањето пратеници по пропорционалниот систем, пропорционалниот систем во светот е толку малку прифатен, тој систем е таков колеблив. Од држави кои што имаат повеќе партиски систем 160, 170, овој систем го користат 12, 13 држави. И каде што го внеле тој систем на најразличен начин се мачат некои држави како да го вратат назад. 06јаснувањата кои што беа дека се потребни за Република Македонија сметам дека воопшто тогаш не држеа, бидејќи нашиот парламент е составен од толку многу партии што денеска самата коалиција има мака со повеќе партии.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, сакам да кажам зошто нема да го поддржам овој закон, од три причини.

Прво, што и пред тоа дискутиравме дека за оваа мала сиромашна држава е претерано 120 пратеници, а вие сега предлагате 140 пратеници. Кој ќе ги плаќа? Ние во оваа земја значи само амбасадори и пратеници ќе станеме. Кој ќе работи, кој ќе не храни?

Второ, јас сум против пропорционалниот систем. Кој е способен и кадар нека излезе на избирачко место да го бираат таму, а не пропорционален систем. Сум само за овој систем што го имаме досега.

Трето, строго професионално треба да бидат пратеници. Не може еден пратеник да има шест функции. Јас не сакам да критикувам. Љубисав Иванов, пратеник, комисии, генерален директор, фудбалот, не знам други функции, па тој нема девет дена, едниот ден не е за него, кога ќе ги врши тие работи? Плус во тоа се користи пратеничкиот имунитет за неправилно раководење во фирмите. Затоа ако биде пратеник, да биде пратеник, ако биде директор да биде директор. Затоа, од овие три, четири причини јас не можам да го поддржам овој закон.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Нема да гласам за овој закон од две главни причини.

II/8.-

Прво, затоа што за новото време за Македонија се потребни нови луѓе. Овој закон ќе овозможи на мала врата истите луѓе кои што беа изминатите 50 години и сега во плурализмот повторно да бидат на политиката сцена со што ќе се оневозможи развој во политичките партии во однос на квалитетот. Значи во интерес е на сите политички партии, дури и на владееачките исто така да гласаат против овој закон за да може да се демократизираат внатре партиските односи, во сите македонски партии

Втората причина е заради националните интереси на македонската држава. Со мнозинскиот закон, со еден воспоставен ред сега по пописот и со одделни други закони кои што ги регулираат и некои од условите што ќе бидат битни за изборите во ноември 1994 година ќе биде објективно можно една цифра на пратениците од албанското малцинство меѓу 17 и 8 пратеника, а доколку се усвои законот со пропорционалност дел од 25 до 29 пратеника. Тоа се двете причини кои што сметам дека се доволни по своето значење за да има оправдување една ваква најава за која што се изјаснив.

**ТОМСИЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ние навистина сме доведени во ситуација да се произнесеме за една ваква состојба. Имено, или на новите избори во есен 19 94 година ќе одиме по стариот закон за кој што сите тврдиме дека не е демократски и дека не овозможи на еден демократски начин и во пропишана постапка да се изведат изборите. Или ќе одиме по новиот закон кој што е предмет на гласање денеска. Сите сме свесни дека од било која точка, од било кој аспект да погледнеме сегашниот закон како што е даден во оние решенија, а мора да кажеме дека решенијата што се нудат во измените и дополнувањата на законот се многу подемократски и овозможуваат сепак по демократски избори во Република Македонија.

III/1.- РД/ОМ

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ :** (Продолжение)

Значи треба да се определиме дали за стариот Закон или ќе одиме по новиот закон во изборите. Меѓутоа, сето она што се даде како ново демократско во овој закон за кој што треба да се произнесеме, е резултат на амандманите кој што ги поднесе Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е неспорно. Меѓутоа, се поставува прашање каде е предлагачот во однос на основното решение кое се нуди во концептот на законот. Се нуди и понатаму останување на пропорционалниот систем.

Отсуството на пратениците на ПДП и НДП јасно зборува дека ним не им е потребен ниту мнозински ниту пропорционален систем. Целите на нивната партија се јасни и не може да се остварат во било кој изборен систем, дали пропорционален или не. Меѓутоа, државниот интерес на Македонија, оној што сме говореле сто пати од оваа говорница е дека на Македонија во овој момент и е потребен мнозинскиот систем, кој што во основа ја обезбедува и зацврстува државноста на Република Македонија и во наредниот период без било какви подвојувања. Од тука, сметам дека би бил голем потег на предлагачот на законот да ја искористи можноста што се дава да излезе на оваа говорница и да поднесе амандман во однос на делот за пропорционалниот систем и мислам дека во тој случај би се овозможило на пратениците навистина да гласаат по еден современ демократски закон. Доколку тоа не го стори предлагачот, јас ќе гласам против законот.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господа пратеници, дилемата е за или против законот. За мене останува дилема, иако после два месеца не можам да расчистам

дилемата која е, дали ќе треба да гласам за или против. Зошто? Ако сакаме да го реализираме досегашниот закон, закон во кој што ние станавме пратеници и законот што го понуди сегашната Влада, сигурно има спротивности едното со друго. Подобрување на текстот на законот Владата не нуди, освен така наречен комбиниран модел, со што повеќе воведе една заблуда, една конфузија, а може ќе има и тешки репресии во одржувањето на тие избори. Тука треба прво да ги изнесам предностите, така како ги гледам јас, на досегашниот закон. На еден настап е речено дека досегашниот закон е донесен од комунистичкото време. Бидејќи почитувани пратеници јас никогаш не сум бил комунист, па станав пратеник токму по тој така наречен комунистички закон, може така го третирате Вие, но едно е јасно, идеолошки за мене не преставуваше комунистички закон. Во ниеден член јас не сум видел да е комунистички закон. Тоа што ми се овозможи јас да станам пратеник, апсолутно не ме прашаа тогашните комунисти. Јас мислам дека таков закон за Република Македонија беше навистина добар.

Недостатоците што ги нуди новиот закон, што ни го понуди сегашната Влада, се јасни. Прво, сегашната Влада на моите две витални прашања што ги поставив на оваа говорница ни еден не се потруди да ми одговори. Кој се тие мои прашања? Што сака да се добие со тие 20 места што се нудат во пропорционалниот систем. Дали за изборната единица, земено на цела територија на Македонија е погоден или не. Јас како пратеник се прашувам овде , дали не е подобро да се земе уште три подизборни единици, не добив одговор. Ги зедов како подизборни единици Дебар, Гостивар и Куманово. Апсолутно никој не сакаше да ми одговори зошто е подобро е да се земе една изборна единица, а не три, четири подизборни единици. Некој што ја спомна споивоста на пратениците со одредена јавна функција. Предност јасно е на

досегашниот закон и во новиот закон со ништо нема да се спречи таа неспоивост со било која јавна функција. Имаме исто така повеќе директори, но во компонирани директори на повеќе јавни претпријатија , која што Владата ни нуди секој месец ново јавно претпријатие , така да секој пратеник од овој состав да си најде место во тие јавни претпријатија. Огромен е недостатокот на сегашниот понуден амандман. Сепак требаше да бидеме многу јасни околу споивоста на пратеник со било која функција. Ништо не ни нуди новиот закон и за тоа дилемата кај мене останува и понатаму, фактички не можам да кажам за што да гласам. Тука е прашањето. За или против законот. Владата досега не се потруди да не убеди да гласаме за новиот закон. Во секоја демократска земја кога се сака да се носи некој ваков закон Владата контактира со пратениците, дали тие пратеници се од опозицијата или не важно првата улога на предлагачот е да има контакти. Почесто контакти околу тој закон што е витален. Тој закон не се носи за три-четири партии у туку се носи за 15-20 партии. Овие партии што се застапени во Парламентот со нив можеше да се контактира Освен тоа со опозицијата оваа Влада апсолутно нема време да контактира. Си го изгуби времето повеќе во шетање и во разни приказни и девалвација уништување на опозицијата и ништо повеќе. Сигурно предлагачот ќе има веројатно време уште некој час да се консултира со опозицијата. Зборува како пратеник кој навистина на следниот состав на Парламентот да му оставиме нешто кое навистина ќе биде донесено како законот што е донесен во претходниот состав, Вие што го викате комунистички.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, сам ќе се прашам по кој пат ќе го повторам прашањето дали е исто државен, политички и партиски интерес.  Како

политички партии сите припаѓаме на една држава. треба да цениме кога се донесуваат овие закони што е интересот на државата. Дали систем мнозински, пропорционален или мешан. Мојот имењак Стефковски даде една иницијатива што сметам дека е на место предлагачот да го повлече законот да се задржи само на мнозинскиот систем како интерес државен на оваа држава и со тие измени да предложи утре нов закон за кој сум уверен дека ќе помине и ќе има поголемо дејствие од овие причини. Во преодните одредби и завршната одредба на овој закон стои дека овој закон влегува во сила осмиот ден по објавувањето. Ние ако го изгласаме овој закон денеска , најрано што може да биде објавен тоа е во петок или сабота. Тоа е 22,23. Ако е 2 3 тоа е 31 овој месец, што значи стапува во сила на 1 август. Ако е на 22 стапува на 31 овој месец. Секако имаме одлагање за 8 дена. Ако направиме еден консензус помеѓу политичките партии овдека, барем што сме сега во ова Собрание, тогаш ќе можеме да го измениме законот во преодната, односно завршната одредба и да ставиме дека стапува законот со денот на објавувањето. Тоа значи да ги повторам истите зборови, односно 22 или 23 јули тогаш дека овој закон нов ќе стапи на сила или 22 или 23 овој месец. Со тоа добиваме една голема шанса овој состав да ја согледа потребата и интересот на државата да имаме мнозински систем и да не правиме отстапки по пропорционалниот систем ете некој друг ќе сака да биде наш соговорник, наш соучесник во власта или слично. Државниот интерес овдека е мнозинскиот систем. Го повикувам предлагачот да го чуе овој мој збор и да ми даде шанса и да одлучам. Дали ќе гласам или не за законот, а не вака да останам неопределен, иако на повеќе настапи пред средствата за информирање сум дал збор дека ако не најдеме партиски коалиционен партнер сега за овој дел ќе го прифатиме и пропорционалниот, меѓутоа сепак размислувањето не ми дозволува да имам таков однос.

III/5.-

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Мислам дека овие апели што ги слушнавме пред малку пред се коалицијата односно позицијата која ја поддржува коалиционата Влада треба да ги прифати. Свесни сме дека во ова Собрание цела една пратеничка група не присуствува при гласање на еден вака битен закон би рекол, за македонската држава. Неспорен факт е дека албанците во Македонија се политички субјект. Тоа некој не го негира. Меѓутоа, дали ние во овој случај не би требало да донесеме закон односно да се прифати апелот од господинот Стефковски и г-динот Стојановски, Владата како предлагач на овој закон , да го повлече овој закон, затоа што во процедура имаме исто така еден закон кој предвидува само мнозински систем, меѓутоа, во кој се вградени оние демократски односи при изборите , од сите оние работи што на некој начин и Владата и ова Собрание ги прифати како амандмани од пратеници на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Законот е поднесен од двајца независни пратеници, тоа е г-динот Тодор Петров, г-динот Ефтим Манев и пратеникот на ВМР г-динот Стојановски. Таков еден закон во процедура имаме кој предвидува само мнозински систем, пред се како државен интерес и национален интерес на оваа држава. Верувам се согласуваме со тоа дека албанците се политички субјект во оваа држава но дали цело време албанците можат да ја уценуваат пред се, оваа држава и ова Влада, оваа коалиција. За мене е лицемерно пред се пратениците кои учествуваат заедно, а се членови на македонските партии, во овој случај не размислуваат. Пред некој ден имавме гласање за доверба на Владата. Албанците, ќе кажам од лични интереси присуствуваа за да изгласаат доверба на оваа Влада. Но сега уценувајќи со тоа да Вие пред се од позицијата им го прифатите измена и дополнување на законот аз изборните единици кое морам да кажам, против интересите на македонската држава, од едноставни причини, знам  дека и Вие ги

знаете, меѓутоа овде малку треба да бидете храбри господа од позицијата. Храбри да бидете и да кажете доста ни е Ве признаваме како политички субјекти, постои албанско малцинство во Република Македонија, но цело време Вие оваа држава не може да ја уценувате. Затоа мислам дека најцелисходно ќе биде предлагачот да го повлече законот, процедурата во тие завршни одредби може да стои дека навлегува во сила наредниот ден, а не на осмиот ден како што г-динот Стојановски толкуваше, тоа исто така може да стои во тој закон. Законот на господата двајца независни пратеници Тодор Петров, Ефтиманев и на г-динот Стојановски да биде во процедура, не мора ние цело време, ако сакаме овде ние некое единство, овде сега останавме условно кажано македонските пратеници, тука е и г-динот Фаик Абди пред се како претседател и пратеник од ЦЕР партијата, односно ги застапува интересите на ромите, едни од најлојалните граѓани на оваа држава, дајте ние национално условно да се договориме. Што е во интерес на оваа држава. Нема тука дали му се допаднете или нема да му се допаднете Вие пратениците од позицијата на вашиот коалиционен партнер, факт е тоа и целата македонска јавност го знае тоа дека ве уценува. Во овој случај имаме една класична уцена. Дајте повлечете го законот, ставете го во процедура уште утре ќе го почнеме законот што е предложен, што е во процедура на ова Собрание на некој начин пред ова Собрание излеземе и пред оваа јавност да излеземе барем со витални интереси дека има некое какво такво единство меѓу нас македонците во ова Собрание. Јас ако не го повлечат овој закон ќе гласам против овој закон сега што го предлагате затоа што 120 плус 20 пратеника е навистина само една отстапка пред ПДП, да не се залажуваме дека ниедна отстапка пред другите малцинства на србите и т.н., тоа е чиста демагогија туку е пред се отстапка на политичкиот субјект ПДП и НДП, а пред се НДП заговара федерализација на Македонија. Таков еден нивни коалиционен партнер е коалиционен партнер со Вас. каде е тука

односот. За тоа треба реакција и на Јавното обвинителство. Затоа ќе гласам ако не го повлечете овој закон.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници. Имајќи во предвид претходните дискутанти од опозицијата со своето искажување за давање на недоверба , односно гласањето на овој закон за избор и отповикување на пратеници и одборници , второ имајќи предвид дека на оваа седница на ова гласаше не присуствуваат и партиите ПДП и НДП и трето имајќи предвид дека бројот на присутните пратеници тука во парламентот е некаде околу 65, па кога ќе се собере бројот на гласовите за тие што ќе гласаат за овој закон, односно Предлог на закон и тие кој што ќе бидат против, верувам дека ќе бидат некои и воздржани од опозицијата,

IV/1.-СС/МЛ

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Значи, доаѓа до израз прашањето дали овој закон ќе помине на денешнава седница или пак не и во тој случај ќе се даде можност за во наредниот период.

(Интервенции од место).

Ако сакаш нешто да кажеш колега пратеник, повели, па јас ќе те слушам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, јас за тоа водам сметка, вие само продолжете господине Трпчевски. Имате уште време.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Немојте да упаѓате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

А и вие пречите.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Кај никого не сум упаѓал, според тоа имајте доверба во мене и во она што сакам да го кажам.

Понатаму, имајќи предвид дека донесувањето на овој закон е уште пред една година, од периодот кога не се успеа да се донесат овие закони набрзина, на препад, и покрај тоа што овој закон не е нов закон туку само флизиран односно само изменет, имајќи предвид и тоа дека голем дел од амандманите на опозицијата во текот на расправата не беа усвоени, за жал, имаше и добри предлози што требаше да бидат инкорпорани и во овој закон за да навистина тој закон биде на сите политички партии, не само тие што се во овој Парламент, туку и на тие

вонпарламентарните партии, така што сето тоа ми укажува дека овој закон денеска лебди во воздух во однос на неговото изгласување.

Понатаму, како што некои и сега искажаа од претставниците односно пратениците, дека на оваа сиромашна држава не и требаат 140 пратеници туку Парламент од 120 пратеници.

Понатаму, дека на оваа држава не и требаат, како до сега, оти и тоа покажа и сега и во минатото дека не и требаат пратеници кои ќе работат и ќе бидат тука претставници на народот, туку дека треба тие пратеници да се професионализираат и кои навистина ќе работат на интересите на оваа држава во однос на донесување на закони, исправање итн.

Затоа предлагам ако оваа коалиција односно позиција сака да се донесе законот, да и се придружат во гласањето и другите пратеници од опозицијата, а и се приклучувам кон претходните дискутанти кои подвлекоа дека треба да се исправат некои работи во овој закон, а со тоа дека треба и Владата односно Министерството за правосудство да го повлече, во тој случај навистина да имаме еден закон што ќе биде навистина по мерка за сите.

Затоа, во овој случај јас, во последниот момент и до гласањето ќе се преиспитам дали да го поддржам, дали да не го прифатам односно се воздржам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, одиме на гласање.

Молам, кој е за да крене рака? (41 пратеник).

Кој е против? (13 пратеници).

Дали некој е воздржан од гласањето? (12 пратеници).

Констатирам дека вкупно гласале 66 пратеници од кои 41 пратеник гласале за, 13 пратеници гласале против и 12 се воздржале.

Според тоа, констатирам...

Молам, господинот Станковски бара збор.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Предлагам да гласаме поединечно, мислам дека имам поддршка од десет пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има поддршка.

Минуваме на поединечно гласање.

Молам секретарот нека го спроведе поединечното гласање.

IV/4.-

ИГОР СПИРОВСКИ:

# С П И С О К

## на пратеници во Собранието на Република Македонија според азбучен ред на презимињата

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | не е тука |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | не е тука |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | не е тука |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | не е тука |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | за |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | за |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | за |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | не е тука |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | не е тука |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | за |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | за |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | не е тука |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | воздржан |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | против |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20 . ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | воздржан |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | за |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | за |
| 24 .ТОДОР ДИМОВ | за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | воздржана |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | воздржан |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | не е тука |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | за |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | не е тука |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | за |

IV/4.-

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | воздржан |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | не е тука |
| 33 . ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | за |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | за |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | воздржан |
| 36. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 37. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | за |
| 38. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | против |
| 39. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | воздржан |
| 40. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 41. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | не е тука |
| 42. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 43. ТАШКО КИРОВ | воздржан |
| 44. ЗОРАН КИТЕВ | против |
| 45. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | против |
| 46. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | за |
| 47. ГОРГИ КОТЕВСКИ | против |
| 48. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | за |
| 49. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | против |
| 50. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | воздржан |
| 51. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | воздржан |
| 52. ЕФТИМ МАНЕВ | против |
| 53. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | за |
| 54. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 55. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 56. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | за |
| 57. СТРАШО МИЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 59. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | не е тука |
| 60. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | против |
| 61. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | |
| 62. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | н за е е тука |
| 63. АВДИ МУРТЕЗАНИ | не е тука |

IV/6.-

| | |
|---|---|
| 64. НАИФ МУСТАФА | не е тука |
| 65. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 66. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | за |
| 67. СИМОН НАУМОСКИ | не е тука |
| 68. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 69. ЈОВАН НИКОЛОВ | за |
| 70. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | за |
| 71. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | воздржан |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| 74. ТОДОР ПЕТРОВ | против |
| 75. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 76. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | не е тука |
| 77. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 78. КИРО ПОПОВСКИ | за |
| 79. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | за |
| 80. НИКОЛА ПОПОВСКИ | за |
| 81. ШАБАН ПРЕВАЛА | не е тука |
| 82. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 83. ИСМЕТ РАМАДАНИ | не е тука |
| 84. ИВАН РАМБАБОВ | за |
| 85. ШУКРИ РАХИМИ | не е тука |
| 86. ФЕРИД САДИКУ | не е тука |
| 87. НЕИМ СЕЛМАНИ | не е тука |
| 88. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | за |
| 89. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 90. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 91. РИСТО СТАНКОВСКИ | за |
| 92. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | против |
| 93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | за |
| 94. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 95. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | за |
| 96, ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 97. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | против |
| 98. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | не е тука |
| 99. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | не е тука |

| | |
|---|---|
| 100. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 101. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | воздржан |
| 102. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | воздржан |
| 103. БЛАГОЈ ТОШЕВ | не е тука |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |
| 107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | воздржан |
| 108. АГИМ ФАЗЛИУ | не е тука |
| 109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | не е тука |
| 110. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | не е тука |
| 111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | не е тука |
| 112. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | за |
| 113. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | не е тука |
| 114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | за |
| 115. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | не е тука |
| 116. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | за |
| 117. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | не е тука |
| 118. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | не е тука |
| 119. ХИСНИ ШАКИРИ | не е тука |

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за внимание, вкупно гласале 67 пратеници.

За гласале 42 пратеници, 11 пратеници гласале против, 14 се воздржани.

Констатирам дека Собранието не го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници и одборници.

Ја прекинувам седницата.

Утре, во 10 часот ќе продолжиме со 76-та седница, како што сте известени со телеграмата.

(Седницата заврши во 16,00 часот).